Катерина Ризова - Член (или заменик)

Јани Итев - Член (или заменик)

**8. Надворешни стручни лица (ДА/НЕ):**

**9. Постапка за резервиран договор (ДА/НЕ):** Не

**Потпис на надворешниот член на комисијата**

**ПРИЛОГ S**

**Забелешки од членовите на комисијата кои не се согласуваат со предлогот за избор на најповолна понуда**

**1. Договорен орган (назив и адреса):** Општина Гевгелија, Димитар Влахов 4

**2. Евидентен број на огласот за јавна набавка (на ЕСЈН):** 12041/2022

**3. Предмет на јавна набавка:** Привремени вработувања

**4. Проценета вредноста на набавката:** 2.500.000,00

**5. Вид на постапка за јавна набавка:** Поедноставена отворена постапка

**6. Постапката се спроведува како групна набавка*:** Не

**(*Се пополнуваат ДО кои се дел од групната набавка):**

**7. Членови на комисијата за јавна набавка:** Не

Митко Дојчинов - Претседател (или заменик)

Катерина Ризова - Член (или заменик)

Јани Итев - Член (или заменик)

**8. Надворешни стручни лица (ДА/НЕ):**

**9. Постапка за резервиран договор (ДА/НЕ):** Не

| **Забелешки на членот на комисијата кој не се согласува со предлогот за избор на најповолна понуда**[1] | | |
|---|---|---|
| Име и презиме | Место во комисијата | Датум на доставување и потпис |
| | | |
| **Дадени забелешки** | | |
| | | |

**Потписи на членовите на комисијата**

____________________________

____________________________

____________________________

[1] Табелата се повторува онолку пати колку што има членови на комисијата кои имаат забелешки на предлогот за избор на најповолна понуда.

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Бр.05-1638/3**
**08.08.2022 година**
**Гевгелија**

Врз основа на член 112 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ" бр.24/2019 и „Службен весник на РСМ" бр.87/2021), член 50 став (1) точка 16 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/2002), член 62 став (1) алинеја 14 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/2006, 8/2010, 18/2014, 13/2020, 2/2021, 3/2021 и 5/2021), и Извештајот од спроведената постапка, Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесе:

## ОДЛУКА
## За избор на најповолна понуда

1.За најповолна понуда за јавна набавка на услуги **- Привремени вработувања,** во поедноставената отворена постапка започната со Одлука за јавна набавка, бр.03-1638/1 од 15.07.2022 година и објавениот оглас бр.12041/2022, **СЕ ИЗБИРА** понудата на понудувачот **Приватна агенција за вработување РЕАЛНОСТ-06 Прилеп,** со понудена цена, односно провизијата од бруто плата на отстапен работник во висина од **9,00%,** начин на плаќање со Фактура во рок од 8 дена (најдоцна до 14-ти во месецот) од доставување на исплатната документација односно Пресметка на бруто плата со список за сите лица и Фактура во која ќе биде даден бруто износот на плати и посебно провизијата.

2. Одлуката за избор на најповолна понуда да се достави до сите понудувачи-учесници во постапката.

3. Договор со избраниот понудувач ќе се склучи во рок од 30 дена од денот на конечноста на одлуката за избор

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на Одлука за јавна набавка на услуги - Привремени вработувања, бр.03-1638/1 од 15.07.2022 година,.донесена од Градоначалникот на општина Гевгелија, Комисијата за јавна набавка, во ЕСЈН, објавила Оглас бр.12041/2022.

Поедноставена отворена постапка е спроведена со користење на електронски средства преку ЕСЈН со користење електронска аукција, а како критериум за избор на најповолна понуда е користена економски најповолната понуда врз основа на цената.

Јавното отварање на понудите е одржано на ден 03.08.2022 година, а до предвидениот рок, до денот и часот на јавното отворање на понудите во ЕСЈН биле поднесени 5 (пет) понуди.

Согласно член 108 од ЗЈН, Комисијата ги отворила пристигнатите понуди од понудувачите: Приватна агенција за вработување АНТОРИС Скопје, Приватна агенција за вработување РЕАЛНОСТ-06 Прилеп, Приватна агенција за вработување КОНТАКТ БИЗНИС Скопје, Приватна агенција за вработување ДЕКРА АРБЕИТ МАКЕДОНИЈА Скопје, и Приватна агенција за вработување СПИД,Скопје, ги прочитала предвидените елементи во понудата и врз основа на став 7 од членот 108 од ЗЈН, изготвила Записник од јавното отворање на понудите.

По јавното отварање пред да започне со електронска аукција, Комисијата извршила целосна евалуација на способноста и на првичните понуди на понудувачите согласно со условите и критериумите од тендерската документација, при што утврдила дека сите понудувачи, доставиле Изјава за докажување способност или комплетна и валидна документација, по што закажала електронска аукција.

На ден 08.08.2022 година, се одржала е-аукција, на која не била поднесена нова намалена цена, така што понудата на понудувачот Приватна агенција за вработување РЕАЛНОСТ-06 Прилеп, односно провизијата од бруто плата на отстапен работник во висина од 9,00% е најповолна понуда.

По завршување на е-Аукцијата и спроведената евалуација на понудите исклучиво во согласност со критериумите наведени во тендерската документација, комисијата утврдила дека понудите на понудувачите биле прифатливи во согласност со член 2 став (1) точка 11) од ЗЈН.

Комисијата согласно член 109 став 8 од ЗЈН, пристапила кон рангирање на понудите и изготвила предлог за избор на најповолна понуда со кој предлага понудата на понудувачот Приватна агенција за вработување РЕАЛНОСТ-06 Прилеп, да се избере за најповолна понуда за извршување на услуги - привремени вработувања, од причини што оваа понуда со понудена најниска цена, е прворангирана, односно најповолна понуда.

По разгледување на Извештајот од спроведената постапка, прифаќајки го предлогот на Комисијата за јавна набавка, врз основа на член 111 став 4 и член 112 од ЗЈН, одлучено е како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се изјави жалба во рок од 5 дена од денот на приемот на истата, преку ЕСЈН, истовремено до Државната комисија за жалби по јавни набавки и .договорниот орган.

Градоначалник
на Општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

Andon Saramandov

Digitally signed by Andon Saramandov
Date: 2022.08.08 11:22:16 +02'00'

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр.03-1807/1
22.08.2022 година
Гевгелија

Приватна агенција за вработување
РЕАЛНОСТ-06
Бр. 08-672/1
24.08 2022 год.
ПРИЛЕП

**ДОГОВОР**
**За извршување на услуги - Привремени вработувања**

**Склучен помеѓу договорните страни:**

**1. Општина Гевгелија**, со седиште на ул.„Димитар Влахов" бр.4 Гевгелија, застапувана од Градоначалникот Андон Сарамандов, (во понатамошниот текст: ДОГОВОРЕН ОРГАН), од една страна; и

**2. Приватна агенција за вработување РЕАЛНОСТ-06 Прилеп,** со седиште на ул.„Сотка Џигиџиќ" бр.34" Прилеп, со ЕМБС 6187897 и ЕДБ МК4021006153021, застапувано од управителот Милан Ристески (во понатамошниот текст: НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА), од друга страна.

## I. Дефиниции

**Член 1**

Одредени поими и изрази употребени во овој Договор го имаат следното значење:

1) **"Договорен орган"** е субјект дефиниран како договорен орган во член 4 став (1) точка а, од Законот за јавните набавки.
2) **"Носител на набавката"** е домашно или странско правно или физичко лице кој поднел понуда, односно економски оператор чија понуда за извршување на услугите е прифатена од страна на нарачувачот, односно договорниот орган.
3) **"Понуда"** е комплетирана документација од понудувачот - носител на набавката поднесена до нарачувачот – договорниот орган во која се содржани цените на секоја позиција посебно и вкупната цена со пресметан ДДВ.
4) **"Договорна цена"** е цената која ја понудил носителот на набавката (понудувачот) во својата понуда до набавувачот (договорниот орган), утврдена во овој Договор, вклучувајќи го и евентуалниот попуст што го дал понудувачот.

## II. Јазик на договорот

**Член 2**

Јазик на договорот, на сите други документи кои претставуваат составен дел на договорот, како и целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е Македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е Македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

**Член 3**

Во случај кога набавувачот, тендерската документација за јавната набавка ја подготвил на странски јазик кој вообичаено се користи во меѓународната трговија, како и во случај кога дозволил понудите да се дадат и на странски јазик, посебно во делот кој се однесува на техничките карактеристики, квалитетот и техничката документација, и во случај изведувачот да доставил документ на странски јазик, јазик на договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на договорот е странскиот јазик со официјален превод на Македонски јазик.

## III. Предмет на договорот

**Член 4**

Предмет на овој Договор е уредувањето на правата и обврските помеѓу Општина Гевгелија од една страна како договорен орган и Приватна агенција за вработување РЕАЛНОСТ-06 Прилеп, од друга страна како Носител на набавката, за јавна набавка на услуги - **Привремени вработувања**.

Приватната агенција за вработување врз основа на договор за отстапување работник за потребите на договорниот орган ќе отстапи работници за вршење на привремени работи во случај на:

- замена на привремено отсутен работник
- привремено зголемен обем на работа

- работа на проект
- сезонска работа
- специфични неконтинуирани работи кои не се дел од претежната дејност на на работодавачот корисник, и
- непредвидливи краткотрајни активности што се јавуваат во вршењето на претежната дејност на работодавачот корисник

За цело времетраење на овој Договор да има важечка лиценца „А“ за склучување на договори за привремени вработувања издадена од Министерството за работите од областа на трудот.

**Член 5**

Договорот се склучува врз основа на прифатена понуда бр.08-595/1 од 22.07.2022 година поднесена од понудувачот (носител на набавката), во постапката за набавка по објавен оглас бр.12041/2022 по одржаната е-аукција и Одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-1638/3 од 08.08.2022 година, донесена од одговорното лице на договорниот орган.

## IV. Вредност на договорот

**Член 6**

Поединечна цена, односно **провизијата од бруто плата на отстапен работник изнесува 9,00%.**

Вкупната цена на чинење на услугите што се предмет на овој договор за периодот за кој се склучува овој договор е максимум 2.500.000,00 денари без пресметан ДДВ, односно 2.950.000,00 денари со пресметан ДДВ за период од 2 (две) години.

Како вредност на договорот се сметаат бруто исплатените плати и провизијата од бруто плата на отстапен работник.

**Член 7**

Цените се непроменливи за целото времетраење на договорот.

## V. Времетраење на договорот

**Член 8**

Договорот се склучува со времетраење од 2 (две) години,.

## VI. Рок и начин на извршување на услугите

**Член 9**

Носителот на набавката е должен да обезбеди работници сукцесивно во времетраењето на договорот по барање на договорниот орган во рок од 5 дена по приемот на барањето.

**Член 10**

Носителот на набавката е должен да ги дава услугите во целост согласно Законот за приватните агенции за вработување ("Службен весник на РСМ" бр.113/2018 и 18/2020), барањата и техничките спецификации од тендерската документација и во координација со овластеното лице на Договорниот орган

Услугите предмет на овој договор ќе се извршуваат сукцесивно во времето на важење на договорот, според потребите на договорниот орган.

## VII. Начин и рок на плаќање на услугите

**Член 11**

Плаќањето за извршената услуга ќе се врши по доставување на Фактура од носителот на набавката односно на начин што веднаш по приемот на пресметката на платата и придонеси од платата за отстапениот работник, доставена од страна на договорниот орган, но не подолго од 2 (два) работни дена, ќе достави фактура зголемена за надоместокот на услугите на Агенцијата.

Договорниот орган се обврзува на Агенција да и ја плати фактурата за извршената услуга најдоцна до 14-ти во месецот.

## VIII. Права и обврски на носителот на набавката

**Член 12**

Агенцијата носител на набавката, се обврзува во секое време да ангажира привремени работници за потребите на договорниот орган, а во согласност со Законот за Агенции за привремени вработувања како и врз основа на добиеното писмено барање од клиентот.

Формата и содржината на барањето е утрдена од страна на Агенцијата носител на набавката.

Агенцијата носител на набавката, се обврзува дека во секој поглед ќе ги почитува барањата на договорниот орган наведени во барањето за потреба на работник и за потребите на договорниот орган ќе ангажира лица кои ги исполнуваат бараните квалификации .

Агенцијата носител на набавката е должна во рок од 3 работни дена по добивањето на барањето за потреба на работник да го извести договорниот орган ако не е во можност да препорача кандидати кои ги исполнуваат бараните квалификации.

**Член 13**

Агенцијата носител на набавката, го задржува правото да го замени привремениот работник или да го откаже договорот за ангажман ако оцени дека постојат услови за тоа.

Агенцијата носител на набавката, нема да биде одговорна пред договорниот орган за штетата или загубите кои ги причиниле работниците кон договорниот орган или трети лица .

Пред започнување на работењето за договорниот орган, Агенцијата носител на набавката е должна да го извести привремениот работник за професионалните квалификации што се бараат во работењето како и за можните ризици што можат да произлезат како резултат на ангажирањето и за начинот на справување со нив.

Агенцијата носител на набавката, треба да се осигура дека договорниот орган при вршењето на супервизијата и управување, мора да се однесува со почит кон привремениот работник, со однос каков што има и кон постојаните работници.

Агенцијата носител на набавката, е должна да се однесува како добар работодавец. Во случај да дојде до неисполнување на обврските од страна на Агенцијата носител на набавката, а со тоа трпи процесот на работа кај договорниот орган, тогаш Агенцијата носител на набавката е должна да плати надомест на договорниот орган, согласно општите услови за обезбедување привремени работници.

## IX. Права и обврски на договорниот орган

**Член 14**

Договорниот орган е должен барањето за потреба на работник, во писмена форма (е-пошта или лично на рака) да го достави до Агенцијата носител на набавката .

Барањето треба да ги содржи сите податоци од важност за работно место: назив, работно време, работа на смени, плата, погодностите врзани со работното место кои ги нуди работодавецот, потребните квалификации кои кандидатот треба да ги исполнува во поглед на стручна подготовка, работно искуство, познавање на странски јазик и останати квалификации кои потенцијалните кандидати треба да ги исполнат.

Барањето мора да биде потпишано од одговорно лице и истото да биде заверено со печат.

**Член 15**

Договорниот орган е должен да постапува строго доверливо со сите регистрирани лични податоци за привремените работници, кои ги обезбедува Агенцијата носител на набавката, за и во текот на траењето на договорот за привремени вработувања .

Пред склучувањето на договорот за привремени вработувања, клиентот е должен на Агенцијата носител на набавката да и достави опис на работата што ќе треба да ја врши привремениот работник; позицијата и условите за работа кои се однесуваат на привремениот работник како и предвиденото траење на договорот.

Договорниот орган е должен да ја извести Агенцијата носител на набавката за секоја промена на адресата (седиштето), промена на името и за сите останати промени кои што ќе настанат во рок од 15 дена од денот на настанувањето на промената .

Договорниот орган е должен на Агенцијата носител на набавката да и ги обезбеди информациите за бараните професионални квалификации на привремениот работник .

Договорниот орган е одговорен за управување и надзор над работата што ја врши привремениот работник

Договорниот орган е должен да ги обезбеди просториите, опремата и орудијата во кои или со кои привремениот работник треба да ја извршува работата за клиентот и да обезбеди инструкции за заштита на привремениот работник.

Договорниот орган во однос на привремениот работник се јавува како работодавец и во таа смисла треба да ги почитува одредбите од Законот за работни односи, Законот за Агенции за привремени

вработувања и Законот за безбедност и здравје при работа кои се однесуваат на заштитат при работа и посебната заштита на одредена група работници.

Ако работникот претрпи повред на работа или професионално заболување, договорниот орган е должен веднаш да ги извести надлежните органи и да се осигура веднаш да биде составен извештај за настанот, во кој ќе бидат наведени сите факти кои се поврзани со несреќата, со што би се утврдило во кој обем несреќата е резултат на фактот дека не се превземени сите мерки за заштита од повреда на работа или професионално заболување.

Договорниот орган има обврска да исплати надомест на привремениот работник за сите загуби кои ги имал работникот, а се резултат на настанаta несреќа при извршување на работата или професионално заболување .

Ако привремениот работник ангажиран кај клиентот е привремено отсутен од работа поради болест, тогаш Агенцијата носител на набавката и договорниот орган се договараат дали е потребна замена на тој работник, со услов привремениот работник, по неговото заздравување да се врати на работа.

**Член 16**

Пред започнувањето на работното ангажирање на привремениот работник, Агенцијата носител на набавката и Договорниот орган склучуваат и посебни договори за секој работник поединечно или група на работници , со попрецизни податоци за видот и должината на ангажманот, работните задачи на конкретниот работник и сл.

## X. Начин,услови и рокови на плаќање

**Член 17**

Плаќањето на услугите кои се предмет на овој Договор, ќе се врши од Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 – 2023 година, и тоа од:Програма Е0, Потпрограма Е00- Општинска администрација, категорија 42- Стоки и услуги, ставка 425 – Договорни услуги.

**Член 18**

Договорниот орган се обврзува да го изврши плаќањето за извршената услуга во рокот предвиден со договорот.

## XI. Промени на договорот

**Член 19**

Носителот на набавката има обврска за известување на договорниот орган за планираните измени за условите од овој договор, во рок не пократок од 30 дена пред воведување на измените.

Се смета дека договорниот орган се согласил со промената на условите на договорот доколку во периодот на известувањето, писмено не го извести носителот на набавката дека го раскинува договорот.

Раскинувањето на договорот не го ослободува договорниот орган од плаќање на пристигнатите и неплатени обврски или исполнување на договорените обврски, пристигнати пред извршените измени во условите на овој договор.

## XII. Услови за прекинување или раскинување на договорот

**Член 20**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или може да го раскине договорот.

**Член 21**

Договорната страна која поради неисполнување на договорените обврски го раскинува договорот должна е писмено да ја извести другата страна без одлагање.

**Член 22**

Договорниот орган може да го раскине договорот, со претходно писмено известување на носителот на набавката, најмалку 30 дена пред датумот на раскинување на договорот, при што е должен да ги изврши сите обврски за плаќање кои ги има кон носителот на набавката, за извршени услуги согласно овој договор.

Носителот на набавката може да го раскине договорот, поради неисполнување на обврските на договорниот орган предвидени со овој договор.

## XIII. Виша сила

**Член 23**

Користењето на услугите кои ги обезбедува носителот на набавката може да биде прекинато поради дејство на Виша сила.

Под Виша сила се подразбира настан независен од волјата на договорните страни, чие наспатување не можело да се спречи или предвиди и поради кои исполнувањето на обврските од договорот станало отежнато или неможно, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на: природни настани, општествени настани (штрајк, немири, војна) акти на јавната власт, нарушување на функционирањето на носителот на набавката и сл..

Носителот на набавката не сноси никаква одговорност кон договорниот орган поради прекин на услугите, предизвикан од настан на Виша сила.

## XIV. Одговорност за недостатоците

**Член 24**

Носителот на набавката одговара за недостатоците во извршување на услугата:

- Ако услугата ги нема потребните својства за намената за која ја набавува договорниот орган, а која му била или морала да му биде позната на носителот на набавката,
- Ако услугата ги нема својствата и одликите што се изрично или премолчно договорени односно пропишани.

**Член 25**

Договорниот орган е должен за недостатоците да ги извести Носителот на набавката веднаш откако го установил недостатокот, или најдоцна во рок од 8 дена, инаку го губи правото да се повика на него.

Правото на Договорниот орган кон Носителот на набавката врз основа на нивната одговорност за недостатоците престанува за една година, сметајќи од денот кога Договорниот орган го известил Носителот на набавката за недостатокот.

**Член 26**

Договорниот орган кога навремено и уредно го известил Носителот на набавката за недостатокот, може да бара:

- Носителот на набавката да го отстрани недостатокот или да бара извршување на друга услуга без надоместок,
- Намалување на цената,
- Да изјави дека го раскинува договорот.

**Член 27**

Кога за штетата се одговорни двете страни, одговорноста на секој од нив се определува според големината на неговата вина.

## XV. Обештетување

**Член 28**

Договорните страни се должни да ги исполнат обврските кои произлегуваат од овој договор.

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни обврската или ќе задоцни со нејзиното исполнување, другата договорна страна има право да бара и надомест на штетата што ја претрпел поради тоа.

За штетата поради задоцнување со исполнувањето одговара договорната страна на која другата договорна страна и дала примерен дополнителен рок за исполнување.

Договорната страна одговара и за делумната или целосната невозможност за исполнување иако не ја криела таа невозможност ако настапила по нејзино доаѓање во задоцнување за кое одговара.

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека она што е предмет на обврската случајно би пропаднало и кога таа својата обврска би ја исполнил на време.

**Член 29**

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека не можела да ја исполни својата обврска, односно дека задоцнила со исполнувањето на обврската поради околности настанати по склучувањето на договорот кои не можела да ги спречи, отстрани или избегне.

**Член 30**

Договорната страна која е должна да ја извести другата страна за фактите што се од влијание врз нивниот меѓусебен однос, одговара за штетата што ќе ја претрпи другата страна поради тоа што не била известена на време.

## XVI. Применлив закон

**Член 31**

За се што не е регулирано со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи и позитивните законски прописи во Република Северна Македонија.

## XVII. Завршни одредби

**Член 32**

Договорот влегува во сила со денот на неговото потпишување и има важност 2 (две) години од денот на потпишувањето.

Со денот на влегување во сила на овој договор, престанува да важи Договорот за извршување на услуги-привремени вработувања бр.03-1724/1 од 12.11.2020 година (Општина Гевгелија) бр.08-1081/1 од 13.11.2020 година (Реалност-06).

**Член 33**

Овој договор се смета за реализиран, по истекот на неговото времетраење или по искористување на максималната вредност на Договорот.

**Член 34**

Во случај на спор, надлежен е месно и стварно надлежниот суд.

**Член 35**

Договорните страни се согласни да ги применат највиските стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

**Член 36**

Измени и дополнувања на овој договор може да се врши со претходна согласност на договорните страни со Анекс договор.

**Член 37**

Овој договор е составен во 6 (шест) примероци, од кои 4 (четири) за договорниот орган, а 2 (два) за носителот на набавката.

| Носител на набавката | Договорен орган |
|---|---|
| **Приватна агенција за вработување РЕАЛНОСТ-06 Прилеп** | **Општина Гевгелија** |
| Управител | Градоначалник |
| ***Милан Ристески*** | ***Андон Сарамандов*** |

## Прилог 1 – Образец на понуда


*ПРИВАТНА АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ*

***РЕАЛНОСТ – 06***

*ул. Сотка Џигиџик бр.34 Прилеп тел.048-422-143*
*е-маил:realnost_06@yahoo.com*


**Приватна агенција за вработување**
**РЕАЛНОСТ – 06**
**Бр.** 08-595/1
22.07.2022 год.
ПРИЛЕП

Врз основа на Огласот бр.12041/2022, објавен од страна на Општина Гевгелија, за набавка на услуги - **Привремени вработувања,** со спроведување на поедноставена отворена постапка и тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

## ПОНУДА

## Дел I – Информации за понудувачот

I.1.Име на понудувачот: ПАВ РЕАЛНОСТ - 06

I.2. Контакт информации

Адреса: ул. Сотка Џигиџик бр.34 Прилеп

- Телефон/Факс: 048-422-143/048-422-143
- Е-пошта: realnost_06@yahoo.com
- Лице за контакт: Ана Елим

I.3. Одговорно лице : Милан Ристески

I.4. Даночен број: 4021006153021

I.5. Матичен број: 6187897

**ПРЕДМЕТ НА НАБАВКАТА:**

- **Привремени вработувања.**

## Дел II – Техничка понуда

II.1.Согласни сме да ги понудиме следниве стоки/услуги/работи:

| 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|
| | **Вид на стоки/услуги/работи** | **Краток опис** |
| | | |

*[Во оваа точка понудувачот ги наведува стоките/услугите/работите кои ги нуди со сите потребни технички карактеристики на истите, а во согласност со техничките спецификации дадени во тендерската документација]*

II.2. Во прилог доставуваме брошури, каталози и слично за стоките кои ги нудиме, и тоа: ___________________________________________________________________.

*[Во оваа точка, понудувачот треба да го наведе видот на документите кои ги доставува за приказ на стоките што ги нуди. Доколку не се побарани брошури, каталози и слично, оваа точка се брише.]*

II.3. Ги прифаќаме начинот и рокот на извршување на услугата утврдени во тендерската документација.

## Дел III – Финансиска понуда

III.1. Вкупната цена на нашата понуда, изнесува: 9 %.*(се наведува вкупниот износ).*
( девет проценти ) *[со букви]* %.
Вкупниот износ на ДДВ изнесува 1,62% или стапката на ДДВ изнесува 18% (*се наведува вкупниот износ).*

- Договорот за јавна набавка ќе се склучи до износ на средствата предвидени во Одлуката за јавна набавка.
- Понудата да се изрази во % од висина на провизијата на бруто платата по работник.
- На електронска аукција ќе се оди со висината на процентот.

III. 2. Детален приказ на вкупната цена на нашата понуда е даден во следнава листа на цени односно:

**СПЕЦИФИКАЦИЈА**

| 1 | 2 |
|---|---|
| **Опис на услугата** | **Висина на провизијата изразена во % процент од бруто плата** |
| Привремени вработувања | 9% |

III.3. Нашата понуда ваши за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

III. 4. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

Место и датум

Прилеп, 22.07.2022

Одговорно лице*

Милан Ристески
(потпис)

ПРИВАТНА АГЕНЦИЈА ЗА ВР... РЕАЛНОСТ-06 ПРИЛЕП